Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Мај

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродуција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Слика по доживеано или фантазија<br> | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Преку техниката **Минута размислување** учениците набројуваат што изразуваме кога содаваме ликовно дело (мисли, идеи, чувства, ставови). Нашите мисли, идеи, чувства, ставови можат да бидат плод на нашата фантазија, или пак поттикнати од нешто што сме го виделе. Учениците одговараат на прашањата:<br>Што е цртање по набљудување? (Кога цртаме нешто што во тој момент го гледаме, при тоа претставувајќи ги сите детали кои ги забележуваме).<br>Што е цртање по сеќавање? (Кога цртаме нешто што сме го виделе претходно, при тоа претставувајќи ги деталите на кои можеме да се сетиме).<br>Што е цртање по фантазија? (Создавање на цртеж кој е плод на нашата фантазија каде што точноста нема никаква улога, односно можеме да нацртаме нешто што никогаш не сме го виделе). Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот го запишува зборот пеперутка, а учениците набројуваат карактеристики (придавки) за пеперутката (шарена, убава, нежна...).<br>Учениците сликаат на мотив „Пеперутка“ (според доживеан настан или фантазија) со молив, темпера и техника гваш, користејќи боја, големина и ритам. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат сликите, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на бојата, големината и ритамот. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, палета).<br>молив | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Печатење - подлоги, средства, материјали, техники, постапки и елементи: (шаблон, печат, картон пеат, отпечаток, шара, декорација) | Изработува печати користејќи природни материјали. Создава дезен со користење ритмичко повторување во печатењето. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот поставува проблемска ситуација (учениците треба да замислат дека се во природа каде што треба да го поминат денот). Учениците одговараат на поставеното прашање: Што сè можат да искористат од природата за игра со цел да го направат денот интересен? Тие размислуваат и нудат решение за поставеното проблемско прашање. Се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот им ја покажува на учениците „волшебната торбичка“ во која има три мали кесички: кесичка со цитрусни плодови (лимон, портокал), кесичка со компир, кесиќка со тиква (плодовите се претходно исечени на половина). Учениците се поделени во три групи. Претставник од секоја група влече по едно кесиче од волшебната торбичка. Учениците со помош од наставникот изработуваат матрици за печатење, со цитрусни плодови, компир, тиква, ноже и темперни бои, хартија и сл., со геометриски форми од народниот фолклор.<br>Наставникот дава насоки за работа:<br>1. Да нанесат темперна боица со поголема густина по сопствен избор.<br>2. Обоениот дел со умерен стисок на раката да се притисне на листот од блокот.<br>3. За секое печатење треба да се нанесе боја.<br>4. Со печатењето се повторува истата форма повеќе пати.<br>Учебиците создаваат дезен (народна шара) со користење на ритмичко повторување во печатењето. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Секоја група излегува и ги презентира своите изработки. Учениците од другите групи даваат свои мислења за успешноста на печатењето, | торбичка цитрусни плодови компир, тиква, ноже и темперни бои, хартија | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (печатење, дизајн и визуелни комуникации);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за целосното исполнување на просторот, за прецизноста и педантноста во работата, како и за предизвикот да печатат користејќи природни материјали. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Прави ликовна композиција со употреба на примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, контрасни бои и ахроматски бои. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја слушаат песната: „**Боите од виножитото**“:<br>https://www.youtube.com/watch?v=vVZFH2nUO9w<br>Се разговара по содржината на песната:<br>Кои бои се спомнуват во песната? (жолта, виолетова, зелена, сина, портокалова, црвена)<br>Кои бои се примарни? (црвена, сина, жолта)<br>Кои се секундарни бои? (портокалова, зелена и виолетова)<br>Како се добиваат секундарните бои (зелена се добива со мешање на сина и жолта, портокалова со мешање на жолта и црвена и виолетова со мешање на сина и црвена боја).<br>Кои се ладни бои? (сина, зелена, виолетова)<br>Кои бои се топли? (црвена, жолта, портокалова)<br>Учениците се потсетуваат и за контрасни и ахриматски бои (црна, бела). Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците ги следат насоките од наставникот:<br>- Најпрво со нежни движења на моливот нацртајте ги контурните линии.<br>- Предметите што ќе ги цртате да бидат правилно распоредени во просторот<br>- Големината на предметите да биде соодветна на просторот<br>Учениците сликаат на мотив „Пејсаж“ (после дождот со виножито), со молив, темпера и техника гваш, користејќи боја, простор и спектар на бои (основни и секундарни бои). (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат сликите, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на бојата, просторот и спектарот на бои. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги | ЛЦД проектор комјутер средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, палета). молив | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |